# Овие информации може да ви помогнат кога ќе гласате.

**Што треба да му кажете на службеникот за гласање. На службеникот на гласачката маса кажете му го вашето име, презиме и адреса.** Службеникот ќе провери дали вашето име се наоѓа на гласачкиот список и дали можете да гласате. Ако треба, можете да ги напишете овие поединости со печатни букви на парче хартија и да му ги дадете на службеникот.

## Гласачки ливчиња

После ова, службеникот ќе ви даде две **(2) гласачки ливчиња**. **Малото гласачко ливче е за Legislative Assembly** (Законодавното собрание) - за да гласате за претставникот од вашата област, додека големото **гласачко ливче е за Legislative Council** (Законодавниот совет) - за да гласате на изборите за 21 член на советот.

**Однесете ги гласачките ливчиња во една од кабините што се наоѓаат во гласачкото место, каде што ќе можете на само да ги пополните.**

## Како се гласа за Legislative Assembly (Малото гласачко ливче)

Ставете го бројот "1" на гласачкото ливче, и тоа во квадратчето наспроти името на кандидатот на кој сакате да му го дадете вашиот прв, предимствен глас. Ако сакате, можете да гласате и за други кандидати така што ќе ставите броеви во квадратчињата наспроти имињата на овие кандидати, почнувајќи со бројот "2", и тоа по редоследот што вие ќе го изберете.

## Како се гласа за Legislative Council (Големото гласачко ливче)

Кога ќе гласате за Legislative Council, можете да изберете да гласате или над дебелата црна линија на гласачкото ливче, или под неа.

### Како се гласа над дебелата црна линија

Над дебелата црна линија можете да гласате ако го ставите бројот "1" во квадратчето кое се наоѓа над групата на кандидатите за кои сакате да гласате. Ако сакате, можете да гласате и за други групи на кандидати така што последователно ќе ставите броеви, почнувајќи со бројот "2", во квадратчињата над другите групи на кандидати, и тоа по редоследот што вие ќе го изберете.

### Како се гласа под дебелата црна линија

Под дебелата црна линија можете да гласате така што ќе ги ставите броевите "1", "2", "3", "4", "5", "6", "7", "8","9", "10", "11", "12", "13", "14" и "15" во квадратчињата наспроти имињата на 15те кандидати по редослед како што вие ќе изберете. Ако сакате, можете да гласате и за други кандидати така што ќе ставите броеви, почнувајќи со бројот "16", во квадратчињата наспроти имињата на овие други кандидати, и тоа по редоследот што вие ќе го изберете.

## Гласачката кутија

Откако ќе ги пополните гласачките ливчиња, свиткајте ги за да не може да се види како сте гласале, и **потоа ставете ги во соодветните гласачки кутии пред да излезете од гласачкото место.**

## Важно

Свиткајте ги гласачките ливчиња за да не може да се види како сте гласале, покажете му ги свитканите ливчиња на службеникот за гласање и ставете ги во соодветната гласачка кутија.

MACEDONIAN

### Како се гласа во отсуство

**Можете да гласате и ако не се наоѓате во изборниот округ на денот на гласањето.** Се што треба да направите е да одите кај масата што е означена со зборот "**ABSENT**" (ОТСУТНИ) и да му кажете на службеникот каде живеете. Службеникот ќе ги земе вашите податоци и ќе ги напише вашето име и адреса на плик на кој ќе треба да се потпишете. После тоа ќе ви даде гласачки ливчиња. Овие гласачки ливчиња треба да ги пополнете во гласачката кабина, да ги свиткате и да му ги дадете на службеникот за гласање, кој ќе ги стави во пликот, потоа ќе го залепи и ќе го стави во гласачката кутија.

### Вашето име не се наоѓа на гласачкиот список

Ако вашето име не се наоѓа на гласачкиот список, или ако службеникот по грешка го прецртал како веќе да сте гласале, се уште имате право да гласате и можете да побарате Section Vote. Ќе добиете плик со изјава, која службеникот ќе ви ја пополни и потоа ќе ве замоли да ја потпишете. После тоа, ќе ја потпишете изјавата во присуство на службеникот, а тој ќе го задржи пликот и ќе ви даде гласачки ливчиња. Откако ќе ги пополните ливчињата, вратете му ги на службеникот. Тој ќе ги стави свитканите гласачки ливчиња во пликот, ќе го залепи и стави во гласачката кутија.

### Гласањето е доверливо

Никој нема право да знае како сте гласале. Некои гласачи се загрижени дека ако ги стават гласачките ливчиња во плик на кој ќе се потпишат, тогаш секој ќе може да види како тие гласале.

Овие пликови може да ги отвори само Returning Officer (Службено лице за соопштување резултати од избори) или некој назначен службеник, и тоа во присуство на Scrutineers (Пребројувачите на гласови). Овие лица добиваат посебни упатства како да ракуваат со ваквите гласачки ливчиња, како да ги вадат од пликот и веднаш да ги ставаат во гласачката кутија.

### Посебна помош

Лицата кои не знаат да пишуваат или не можат да ги прочитаат упатствата, како и онеспособените лица, може да организираат при гласањето да им помогне некој пријател или роднина. Тие, исто така, за помош можат да се обратат кај службеникот за гласање.

### Неважечки гласачки ливчиња

Ако, по грешка или случајно згрешите при пополнувањето на гласачкото ливче, немојте да го кинете или фрлате, вратете му го на службеникот за гласање кој во замена ќе ви даде ново гласачко ливче.